Врз основа на член 38 став 2 точка 9 од Закон за медијација („Службен весник на РМ", бр.188/13, 148/15, 192/15, 55/16) и член 17 став 1 точка, од Статутот на Комората на медијатори на Република Македонија, Собрание на Комора на Медијатори на Република Македонија одржано на 17.07 2017 година,го донесе следниов:

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА КОМОРАТА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Деловник се уредува работата на Собранието на Комората на медијатори на Република Македонија(во натамошниот текст: Собранието) како највисок орган на Комората на лиценцирани медијатори на Република Македонија (во натамошниот текст: Комората), вклучувајќи: права и должности на претседателот и на членовите на Собранието, подготвување, свикување и водење на седницата на Собранието, утврдување на кворум за работа, текот на седницата, начинот и постапката на гласање и донесување на одлуки, водење на записникот за работата на Собранието и други прашања значајни за работата на Собранието.

### Член 2

1. Деловникот за работа на Собранието се донесува на редовна седница на Собранието со мнозинството гласови од присутните членови на Собранието.
2. Одредбите на овој Деловник се задолжителни за сите членови на Собранието, како и за сите лица кои што се на покана на Претседателот или со претходна одлука на Управниот одбор, присаствуваат на Собранието, доколку постои потреба за дополнителни или стручни објаснувања на одредени предлози и прашања за кои се расправа и одлучува на седницата. За правилната примена на Деловникот се грижи Претседателот на Комората.

Претседателот на Комората е претседател и на Управниот одбор на Комората (во понатамошниот текст председател на Комората).

### Член 3

Собранието на Комората го сочинуваат сите лиценцирани медијатори на Листата на лица кои согласно членот 46 ставови 1 и 2 од Законот за медијација(Службен весник на РМ број 188/13, 148/15, 192/15, 55/16) го положиле испитот за медијатори и на кои им е издадена Лиценца за вршење на медијаторски работи, и кои можат да вршат медијаторски работи согласно член 68 а, став 1 од Законот за медијација(Службен весник на РМ број 188/13, 148/15, 192/15, 55/16):
Во Собранието лиценцираните медијатори се претставуваат лично како дел од листата на лиценцираните медијатори запишани во Именикот на лиценцираните медијатори при Министерство за Правда на Република Македонија. (во натамошниот текст: членови на Собранието) и
Секој член на Собранието има право на еден глас.

**Член 4**

(1) Собранието работи на седници.

(2) Седниците на Собранието се јавни.

(3) Заинтересирани лица и претставници на медиумите може да присуствуваат на седниците на Собранието и да ја информираат јавноста за нејзината работа, по претходна најава за нивно учество кај Претседателот на Комората. Кога е во прашање интересот на Комората, Собранието на Комората може да одлучи седницата да не биде јавна, со одлука на 2/3 од вкупниот број на медијатори, присутни на седницата-за која има кворум согласно Законот за медијација, при што таквата одлука важи само за односната седница на која е донесена и

(4) Секој член на Собранието има право да гласа тајно и лично.

**Член 5**

1. Со седницата раководи Претседателот на Комората.
2. На седниците на Собранието можат да присуствуваат и други лица согласно чл.2 т.2 (од Деловникот), доколку постои потреба за дополнителни или стручни објаснувања на одредени предлози и прашања за кои се расправа и одлучува на седницата.
3. Собранието одлучува за прашањата од својата надлежност во согласност со Законот за медијација, Статутот на Комората и овој Деловник.

## II. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОБРАНИЕТО

### Претседател на Собранието

**Член 6**

1. Претседателот на Комората, покрај правата кои со овој Деловник се утврдени за членовите на Собранието, ги има и следниве права и должности:
   1) Раководи со работата на Собранието и
   2) Се грижи за спроведување на Деловникот.
2. Одлуката донесена од Собранието е полноважна доколку е потпишана од Претседателот на Комората.

### Членови на Собранието

**Член 7**

(1) Членот на Собранието има право и должност да присуствува на седниците и активно да учествуваат во работата на Собранието.

(2) Членот на Собранието е должен навремено да го извести Претседателот на Комората за спреченоста да присуствува на седницата.

**Член 8**

(1) Должноста за активно учество во работата на Собранието се состои во следново:

- подготвување за седницата, навремено запознавање со предлозите и со доставениот материјал за работа, заради одлучување по точките од дневниот ред на седницата;

-активно учество во разгледувањето и расправата за сите точки кои се на дневен ред;

- јасно и аргументирано изложување на своето мислење и ставови во врска со дневниот ред и предлозите на одлуките;

- гласање за предлог одлуките, правилниците и другите акти од делокруг на работата на Собранието;
- почитување на законските и подзаконските прописи и општите акти на Комората и
- постапување со цел за остварување и заштита на интересите на Комората.
(2) Членовите на Собранието имаат право да побараат од Управниот одбор на Комората извештај за извршување на одлуките на Собранието на Комората и
(3) Извештајот се разгледува на седницата на Собранието.
Членот на Собранието е должен да се придржува на редот на седницата и доколку му е изречена некоја мерка утврдена со Деловникот, да го усогласи своето однесување според изречената мерка.

## ПОДГОТВУВАЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ НА СОБРАНИЕТО

### Член 9

(1) Собранието се подготвува од страна на Управниот одбор на Комората во соработка со Претседателот на Комората и стручната служба на Комората.
(2) Подготвувањето од ставот (1) на овој член ги опфаќа следниве работи:
- утврдување на дневен ред;
- изготвување на писмени материјали по одделни точки во дневниот ред и
- доставување на покани и материјали за седницата до сите членови на Собранието.

### Член 10

(1) При утврдување на дневниот ред и изготвување на материјалите за седницата на Собранието (предлог на одлуки, нацрт на општите акти на Комората, правилници и др., Управниот одбор на Комората е должен да ги земе во предвид сите предлози кои уредно во писмена или електронска форма ги доставиле членовите на Собранието, се до денот на свикување на Собранието, односно испраќањето на поканите и
(2) Предлозите се доставуваат во седиштето на Комората, со ознака за седница на Собранието, со препорачана пратка или со непосредно поднесување во архивата на Комората, со електронска пошта и со потврда за прием.
Трошоците за подготвување и одржување на седница на Собранието ги сноси Комората од своите средства.

## IV. СВИКУВАЊЕ НА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО
**Редовна седница на Собранието**

### Член 11

(1) Собранието на Комората се состанува по потреба и најмалку еднаш годишно.
(2) Редовната седница ја свикува Претседателот на Комората.
(3) На редовната годишна седница Собранието на Комората одлучува за годишната сметка и за предлогот на финансискиот план за наредната година и го разгледува и усвојува годишниот извештајот за работата на Комората.

## Вонредна седница на Собранието

### Член 12

(1) Вонредна седница на Собранието на Комората свикува Претседателот на Комората, ако тоа писмено го побараат повеќе од една третина од членовите на Собранието со предлог на дневен ред.

(2) Известувањето се врши по писмен пат со достава на материјали.

(3) На барањето на членовите од став 1, Претседателот е должен да свика седница на Собранието во рок од десет (10) дена.

(4) Во случај ако Претседателот не свика седница, иницијаторите писмено барање го доставуваат до Управниот одбор на Комората.

Во случај ако Управниот одбор во рок од десет (10) дена од приемот на барањето не ја свика седницата, седницата ја свикуваат иницијаторите во рок од наредните пет (5) дена со известување до секој од членовите по електронски пат или на друг начин.

## Покана за свикување на седница

### Член 13

1. Поканите за седниците на Собранието заедно со соодветниот материјал по точките на дневниот ред (периодична или годишна сметка, извештај за работењето, предлог на одлука и останати потребни материјали за одлучување) се доставуват до членовите најдоцна **десет дена пред денот** на одржување на редовната или вонредната седница на Собранието, препорачано по пошта или со електронска пошта, со доказ за прием. Доставувањето на поканите го организира Претседателот на Комората.
2. Во поканата за седницата се назначува предлог на дневен ред на седницата, место и време на нејзиното одржување.
3. Свикување на седницата може да се огласи и во еден дневен весник кој се дистрибуира на целата територија на Македонија, со објавување на податоците од содржината на поканата за седницата. Огласувањето се врши најдоцна **петнаесет дена** пред одржувањето на седницата и
4. Седниците на Собранието задолжително се објавуваат на интернет страницата на Комората, најдоцна **петнаесет дена** пред одржувањето.

## Вклучување нови точки во дневен ред

### Член 14

(1) Предлогот за дополнување на постојните или внесување на нови точки во дневен ред може да поднесе секој член на Комората, најдоцна во рок од 5 дена од денот на доставувањето на поканата. За дневниот ред со дополнета соджина, Претседателот на Комората ги информира сите членови на Собранието најдоцна наредниот ден по приемот на предлогот, со електронска пошта и со објава на интернет страницата на Комората.

## КВОРУМ ЗА РАБОТА И МНОЗИНСТВО ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ НА СОБРАНИЕТО

**Член 15**

Кворумот за работа на редовната и вонредната седница на Собранието постои доколку се присутни најмалку потребниот број членовите согласно член 17 став 5 и 7 од Статутот на Комората.

Одлуките на Собранието се полноважни доколку се донесени со мнозинство гласови од присутните членови.

По исклучок од ставовите 1 и 2 на овој член, изборот и разрешувањето на членовите на Управниот одбор се врши на седницата на Собранието на која се присутни обично мнозинство од вкупниот број на членови, а одлуките се полноважни доколку се донесени со обично мнозинство гласови од присутните членови.

Во случаите утврдени со Статутот, Собранието гласа со квалификувано мнозинство (двотретинско мнозинство, за одлуката за престанок на Комората).

## ТЕКОТ НА СЕДНИЦАТА НА СОБРАНИЕТО

**Отворање на седницата**

**Член 16**

(1) Првата Конститутивна седница ја отвара Министерот за правда на Република Македонија. Со работата на изборното Собрание до изборот на органите претседава председателот на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, во согласност со одредбите од Законот за медијација

(2) По изборот на органите на Комората, со седниците претседава председателот на Комората на медијатори на Република Македонија, согласно на Статутот на Комората и овој Деловник и

(3) Согласно точка 1 на овој член на почетокот на седницата, претседателот на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата и председателот на Комората согласно точка 2 од овој член именува претседател на верификационата комисија и двајца членови, како и записничар.

**Член 17**

(1) Верификационата комисија го утврдува бројот на присутни членови заради утврдување дали постои кворум за работа, заради полноважно донесување на одлуки.

За уредно присутни членови се смета секој лиценциран медијатор од листата при Министерството за Правда на Република Македонија односно член на Комората на медијатори на Република Македонија.

**Член 18**

(1) Претседателот на Комората го повикува претседателот на верификационата комисија да поднесе извештај за бројот на присутните членови.

Ако на седницата присуствуваат доволен број на членови, претседателот констатира дека е утврдено постоење на кворум и ја отвора седницата на Собранието.

**Утврдување на дневен ред**
**Член 19**

(1) По отворањето на седницата се пристапува кон утврдување на дневен ред.
(2) Дневниот ред на Собранието се утврдува врз основа на предлогот на дневниот ред којшто е наведен во поканата за седницата на Собранието.
(3) Членовите на Собранието на седницата на Собранието можат да предложат измена и дополнување на предложениот дневен ред.
(4) Собранието гласа за секој предлог за измена или дополнување на дневниот ред, како и за предлогот на дневниот ред како целина.
(5) Собранието работи единствено врз основа на усвоен дневен ред со мнозинство на гласови од присутните членови.
(6) Кога Собранието ќе го изгласа дневниот ред во целина, претседателот на Комората го прогласува утврдениот дневен ред за работа на седницата.

**Расправата по дневниот ред**
**Член 20**

(1) Претседателот на Комората ја отвара расправата по дневниот ред, давајќи им збор на членовите по редоследот на нивното јавување.
(2) Постапката по секоја точка на дневниот ред на седницата на Собранието се состои од разгледување и одлучување за прашања кои точката ги опфаќа.

**Член 21**

(1) На седницата никој не може да говори пред да добие збор од претседателот на Комората.
(2) Членот на собранието кој што добил збор, должен е да се придржува до предметот на расправата и може да говори само за прашањето кое е директно поврзано со точката на дневниот ред за која се расправа.
(3) Ако членот на Собранието во своето излагање се оддалечи од дневниот ред, или неговото излагање е прешироко, претседателот на Комората ќе го опомене да се придржува до утврдениот дневен ред, односно неговата дискусија да биде пократка, а во спротивно ќе му го одземе зборот до крајот на расправата по односната точка од дневниот ред.

**Член 22**

(1) Членот на Собранието може да се јави за збор само еднаш по одделна точка во траење од најмногу 5 (пет) минути, по редот на пријавените дискутанти.
(2) Членовите на седницата на Собранието во рамките на расправата по одделно прашање можат да се јават за реплика во траење од најмногу 1 (една) минута.
(3) Членот на кого се однесува репликата има право на само една реплика на репликата (контра реплика) во траење од најмногу 1 (една) минута.

**Одржување на редот на седницата**
**Член 23**

(1) Претседателот е должен да им овозможи на членовите непречено учество во работата на Собранието.
(2) За повреда на работата и редот на седницитата на Собранието, Претседателот на Комората може на членот да му изрче една од следните мерки:
- опомена;

- одземање на зборот и
- отстранување од седницата.

Изречените мерки се внесуваат во записник и се однесуваат само за седницата на која се изречени.

**Член 24**

Мерката опомена се изрекува кога член на Собранието со своето однесување, со земање збор без одобрение од страна на претседателот, со прекинување на говорникот или со слична постапка ја нарушува работата и редот на седницата, или постапува спротивно на одредбите на овој Деловник.

**Член 25**

Мерката одземање на збор се изрекува на членот кој со својот говор или на друг начин ја нарушува работата и редот на седницата, ги крши одредбите на овој Деловник а веќе претходно му е изречена опомена да се придржува до редот и одредбите од овој Деловник.

**Член 26**

Мерката отстранување од седницата се изрекува кога на присутниот член на седницата претседателот на Комората претходно му изрекол одземање на зборот, или кога на друг начин грубо ја нарушува работата на седницата и одредбите на овој Деловник.
Мерката отстранување од седницата ја изрекува Собранието со гласање, со мнозинство на гласови од присутните членови.
Доколку учесникот на седницата на кој му е изречена мерка отстранување од седницата не ја напушти, претседателот ма Комората ќе ја прекине седницата додека отстранетиот не се оддалечи од просторијата.

## VII. ОДЛУЧУВАЊЕ НА СОБРАНИЕТО

**Гласање на седницата на Собранието**
**Член 27**

(1) Расправата по одделните точки од дневниот ред на седницата на Собранието трае се додека сите пријавени членови не завршат со својата дискусија.
(2) Кога ќе утврди дека веќе нема пријавени членови по одредена точка на дневниот ред претседателот ја заклучува расправата по оваа точка.
По заклучувањето на расправата по одделна точка од дневниот ред на седницата, Собранието пристапува кон донесување на одлука.

**Член 28**

(1) Членот на Собранието гласа лично.

**Член 29**

(1) Членовите на Собранието гласаат така што се изјаснуваат '„за“ или „против“ предлогот на одлуката или се воздржуваат од гласање и тоа според следниот редослед: „за“, „против“ и „воздржан“.
(2) Гласањето на седниците на Собранието по правило е јавно.
(3) Јавното гласање се спроведува со дигање на рака или со поединечно изјаснување „за“, „против“ или „воздржан“.

(4) Собранието донесува одлука за кои точки од дневниот ред ќе се одлучува со тајно гласање. Гласањето може да биде тајно на предлог на најмалку 30 члена на Собранието.
(5) Тајното гласање се спроведува со гласачки ливчиња, со заокружување на редниот број пред зборовите „за“, „против“ или „воздржан“ на гласачко ливче за одлуката која ја донесува Собранието.
(6) За неважечко гласачкото ливче се смета она од кое не може точно да се утврди како членот на Собранието гласал.

**Одлуки на собранието**
**Член 30**

(1) По завршеното гласање, резултатите од гласањето на Собранието за секое прашање за кое е гласано ги утврдува верификацината комисија.
(2) Комисијата од ставот (1) на овој член го известува претседателот на Комората за резултатите од гласањето и истите се евидентираат во записникот.
Одлуките на Собранието ги потпишува претседателот на Комората.

**Член 31**

(1) Одлуките на Собранието се запишуваат во книга на одлуки која ја води овластено лице на Комората. Одлуките мораат да имаат архивски број и ознака на датумот на донесување.
(2) За процедурални прашања во врска со одржувањето и текот на седницата на Собранието одлучува со заклучоци.

## VIII . ОДЛОЖУВАЊЕ И ПРЕКИНУВАЊЕ НА СЕДНИЦАТА

**Одложување на седниците**
**Член 32**

(1) Седницата на Собранието се одлага кога ќе настанат причини коишто го оневозможуваат одржувањето на седницата на закажаниот датум и време или продолжувањето на работата на веќе започната седница на Собранието.
(2) Седницата на Собранието се одлага и кога претседателот на Комората, пред неговото отворање, констатира немање на кворум за работа на Собранието.
(3) Кворум за повторената седница на Собранието изнесува 1/3 од вкупниот број на членови на Собранието.
(4) Претседателот на Комората на истата седница, закажува одржување на новата седница со истиот дневен ред во рок од 20 дена од денот на одложување на седницата.
(5) На отсутните членови им се доставува писмени покани за новата седница.

**Прекинување на седницата**
**Член 33**

(1) Седницата на Собранието се прекинува во следните случаи:
- кога во текот на одржување на седницата бројот на присутните членови ќе се намали под пропишаниот број за одржување на седницата (под кворум за работа);
- кога седницата поради обемноста на дневниот ред не може да се заврши истиот ден;
- кога е неопходно заради понатамошна работа и продолжување на седницата на Собранието (расчистување на претходни прашања);
- кога ќе дојде до потешко нарушување на редот на седницата, а претседателот не е во состојба да воспостави ред и
- поради одмор на учесниците на седницата, но не подолго од 2 (два) часа.

Претседателот на Комората ја прекинува седницата на Собранието и закажува нејзино продолжување.

## ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА СЕДНИЦАТА НА СОБРАНИЕТО

**Член 34**

По завршување на расправата и одлучувањето по сите прашања од точките на дневниот ред, претседател на Комората објавува дека ја заклучува седницата на Собранието.

## X. ИЗБОР, РАЗРЕШУВАЊЕ И ОСТАВКА

### Избор на членови на органите на Комората и на претседател на Комората

**Член 35**

(1) Собранието на Комората ги избира и разрешува членовите на органите на Комората, претседателот на Комората и членовите на работни тела на Комората од своите редови, согласно со Законот за Медијација, Статутот на Комората и овој Деловник.

**Член 36**

(1) Кандидатите за членовите на органите на Комората и за претседател на Комората се должни да ги истакнат своите кандидатури до Комисијата за верификација на кандидати на органите на Комората согласно Законот за медијација.

(2) Верификационата комисија, врз основа на предлозите, составува гласачко ливче на предложени кандидати за членовите на органите на Комората и гласачко ливче на предложени кандидати за претседател на Комората, според редоследот на предлагањето.

(3) Членот на органите на Комората и претседателот на Комора се избира лично и со тајното гласање, со заокружување на редниот број пред името и презимето на кандидот на гласачкото ливче.

(4) Доколку има повеќе предложени кандидати за членови на органите и председател на Комората, се заокружуваат соодветниот број на кандидати за органи на Комората и председател предвидени согласно Статутот на Комората и Законот за медијација, останатите гласачки ливчиња ќе се сметаат за не важечки.

(5) Гласовите ги пребројува и евидентира верификационата комисија.

(6) За членови на органите на Комората се избрани оние кандидати кои во рамките на бројот на членовите кои се бираат ќе освојат најмногу гласови согласно Законот за медијација.

(7) За председател на Комората е избран оној кандидат кој ќе освои најмногу гласови согласно Законот за медијација.

Доколку двајца или повеќе кандидати кои се бираат за членови во органите на Комората имаат ист број на гласови, изборот меѓу овие кандидати ќе се повтори.

За избран претседател на Комората во вториот круг се смета кандидатот кој добил повеќе гласови од присутните членови на Изборното собрание, но не помалку од една четвртина од вкупниот број членови присутни на седницата.

**Разрешување на член на органите и на претседател на Комората**
**Член 37**
(1) Членот на органите на Комората, односно претседателот на Комората може да биде разрешен со одлука на Собранието, на начин на којшто се одлучувало за неговиот избор, во согласност со Статутот на Комората.
(2) Членот на органите на Комората, односно претседателот на Комората, пред одржувањето на седницата на која ќе се одлучува за неговото разрешување, мора претходно да се запознае со барањето за разрешување и мора да му се овозможи на седницата на Собранието да се изјасни за барањето за разрешувањето.

**Оставка на член на органите и на претседател на Комората**
**Член 38**
(1) Членот на органите на Комората, односно претседателот на Комората може да поднесе оставка со поднесување писмено известување до Собранието во согласност со Статутот на Комората.
(2) Се смета дека на членот на органите на Комората, односно на претседателот на Комората му престанал мандатот со денот што го назначил во оставката, поднесена во писмена форма.
Ако интересите на Комората тоа го наложуваат, Собранието може да го обврзе членот од ставот (1) на овој член да ја врши функцијата до избор на нов член на орган(ите)от во Комората, односно нов претседател на Комората, но не подолго од 30 дена.

**ЗАПИСНИК**

**Член 39**
(1) За работата на Собранието се води записник.
(2) Записникот го води записничарот под контрола на претседателот на Собранието.
(3) Записникот го води записничарот и кога на седницата се одучува за изборот на претседателот на Комората и членовите на органите на Комората, како и за членовите на комисиите и работни тела, чиј што избор е во надлежноста на Собранието.
(4) Записникот го води записничарот и кога тоа ќе го предложат претседателот на Комората, Управниот одбор или најмалку 1/3 членови на Собранието.
Записникот им се доставува на сите членови на Собранието најдоцна десет дена пред одржувањето на седницата на која треба да биде усвоен, заедно со останатиот материјал.

**Член 40**
(1) Во записникот од седницата на Собранието се внесуваат податоци за текот на работата на Собранието, а особено:
- реден број, место, ден и време на одржување на седницата на седницата;
- дневниот ред на седницата;
- името и презимето на претседателот на Комората, записничарот, претседателот и членовите на верификационата комисија;
- кворум за одржување на седницата на Собранието;
- начин на гласање (јавно или тајно), за секоја одлука;
- резултатот од гласањето ("за", "против" или "воздржани") за секоја одлука;
- резиме на расправата на седницата (во општи црти),
- издвоеното мислење на членови на Собранието, доколку тоа го барале;
- одлуките донесени по одделни точки од дневниот ред;

- време (час) на завршување на седницата и
- потписи на претседателот на Комората, записничарот и претседателот на верификационата комисија.

(2) Сите податоци внесени во записникот мора да одговараат на вистинскиот тек на седница на Собранието.

За правилно и точно составување на записникот одговорен е претседателот на Комората.

**Член 41**

(1) Записникот од седницата на Собранието се изготвува најдоцна во рок од 15 дена од датумот на одржувањето на седницата.

(2) Записникот го потпишуваат претседателот на Комората, записничарот и претседателот на верификационата комисија.

(3) Доколку записникот се состои од повеќе страници, лицата од ставот (2) на овој член ставаат потпис на секоја страница од текстот на записникот. Записниците и одлуките на Собранието мора да бидат заверени со печатот на Комората.

(4) Записникот и оригиналниот материјал од седницата на Собранието се чува во архивата на Комората како документ од трајна вредност.

**Член 42**

Членови на Собранието и други лица кои имаат интерес, имаат право на увид и копирање на записникот и други материјали од седницата на Собранието на Комората.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 43**

Прашања кои не се уредени со овој Деловник, Собранието на Комората може да го регулира со посебна одлука.

**Член 44**

(1) За правилна примена на Деловникот на Собранието се грижи претседателот на Комората.

(2) Измените и дополнувањата на овој Деловник ги донесува Собранието на предлог на најмалку , 1/3 од членовите на Собранието, претседателот на Комората и Управниот одбор на Комората, со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.

(3) Овој Деловник е усвоен на Изборното Собрание на Комората на медијатори на Република Македонија одржано на 6.4.2017 година во Скопје.

**Член 45**

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесувањето на конститутивната седница на Собранието на Комората, а ќе се објави на интернет страницата на Комората.

Скопје 17.07.2017 година

**КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Претседател
Славе Младеновски

КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * КМРМ